Акционерско друштво за стопанисување со
деловен простор во државна сопственост
бр. 05-3252/15
26-02-2014 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13 и 28/14) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје,Записник од отворање на понуди бр.05-3252/8 од 14.02.2014 г. и Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка број 05-3252/9 од 14.02.2014 од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**16/2013** за јавна набавка со примена на постапка со прибирање на понуди со објавување на оглас, Директорот на Друштвото донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за**
**Осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила, автоодговорност и осигурување на работници од несреќен случај (незгода)**

На основ на Записник од отварање на понуди бр.05-3252/8 од 14.02.2014 г. и Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка бр.05-3252/9 од 14.02.2014 г. по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.16/2013 од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3252/4 од 30.12.2013 г. за јавна набавка со примена на постапка со прибирање на понуди со објавување на оглас, за Набавка на услуга - **Осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила, автоодговорност и осигурување на работници од несреќен случај (незгода) на ниво на акционерско друштво**, Договорот за јавна набавка се доделува на:

**Евроинс Осигурување АД**
**ул. „ Филип II Македонски,, бр.3, ТЦ Соравиа 5-ти кат - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 4 (четири) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за

изборот.

- Понудувачот чија понуда е отфрлена за причините за отфрлање на неговата понуда, со детално образложение зошто понудата е неприфатлива.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

____________________

**доставено до**:

- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Сектор за финансии
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива